РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-353/3
15-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-353/1 од 22.01.2025 година, против Министерството ---- на Република Северна Македонија, Сектор за ----, Одделение за ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека подносителот на пријавата доставил Барање за повлекување на горенаведената пријава, заведено под бр. 12-353/2 од 27.01.2025 година.

Предметот со бр. 12-353/1 од 22.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 22.01.2025 година, поднесена е пријава против Министерството за ---- на Република Северна Македонија, Сектор за ----, Одделение за ----. Во пријавата подносителот наведува дека против него до Основен кривичен суд – ---- биле поднесени три различни барања за поведување на прекршочна постапка, а во чија содржина бил наведен ист датум и време на случување, што упатувало на фактот дека било сторено коруптивно дело од страна на службени лица во Министерството.

Подносителот доставил Барање за повлекување на горенаведената пријава, заведено под бр. ---- година, во кое побарал отфрлање на предметната пријава со причина поради повлекување на истата од страна на подносителот.

ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување од причина што подносителот на пријавата доставил барање до ДКСК со кое ја повлекува истата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**